Dragi drugari

Eve vi isprakam dva priloga kaj što iznesuvam nekoj sekavanja za našiot bataljon Stiv Naumov i slavniot komandant Ovčarot.

Ke mi bide drago ako možat da se iskoristat za Monografijata na Naum Vasilevski-Ovčarot.

So drugarot Dane Petkovski sum vo vrska i toj e spremen da dade svoj prilog. No za toa ušte ke se dogovorime.

4.12.1989
Belgrad

Drugarski pozdrav
Taip Taipi

T.d. 011 339772

ДО
ОПШТИНСКИОТ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ
РЕСЕН

Драги другари,

Во текот на пишувањето на еден прилог во врска со четириесетпетгодишнината на формирањето на Третата Македонска ударна бригада, во чиј состав при самото формирање беше и баталјонот Стив Наумов (познат како Овчаров баталјон), кој туку што стигна од Кожуф на Козјак, од прочуениот февруарски поход на Македонските пролетери, го примив вашето писмо со кое ме повикувате да дадам свој придонес за пишување на Монографијата за Наум Василевски - Овчарот, мојот толку сакан и почитуван командант.

Вашето писмо другари ги интензивира сеќавањата на едно големо минато време, разбуди чувства на гордост, на радост и тага, што тињаат кај секого од нас борците некаде длабоко во душата, потиснати од секојдневието, предизвика сета и грижа на совет, што толку малку правиме за оние дивни наши соборци кои толку многу сторија, чудесни дела правеа, животите ги дадоа за нас, за генерациите што дојдовме по нив и за оние што ќе дојдат, меѓу кои беше и нашиот командант Овчарот.

Како да ја правдаме нашата негрижливост, заборавност, нашата небрежност, што толку ретко, толку малку сме се сеќавале и вака доцна се обидуваме нешто да сториме за да ги осветлиме ликовите на нашите соборци, меѓу кои за нас од Преспа, од СР Македонија, меѓу првите е нашиот Овчар. Правдање нема. Утеха може да ни биде болката што ја чувствуваме за нивното одделување од нашите редови, и тоа што сепак да се надеваме нешто да сториме.

Другари, не требаше да има место во вашето писмо за зборот „молба" за придонес во иницијативата и во натамошната работа за пишување Монографија за легендарниот ко-

мандант Овчарот. Како на сите негови соборци и мој е долг спрема нашиот, мојот сакан Командант, спрема историјата на која тој и даде виден придонес, спрема неговиот неоспорен придонес во Народноослободителната војна и револуцијата на Македонскиот народ и на сите народи и народности на Југославија, како истакнат воен раководител, како револуционер, како комунист и човек, да ги извлечеме од длабочината на памтењето, нашите сеќавања, да остане забележано и да се знае и никогаш да не се заборави Овчарот, легендата од Преспа, за да се воспитуваат и надахнуваат за творчество идните генерации и трајно да остане присутен кај народот на кој му припаѓаше. Да се забележи брилијантното командување на Овчарот со баталјонот Стив Наумов, што со така малку жртви излегуваше од борба во борба, а подоцна и со поголеми воени единици, за неговата заслуга што еве можеме да бидеме живи сведоци.

Се извинувам што однапред за себеси изразувам сомневање дали ќе можам да кажам сѐ што треба да кажам за Овчарот, како негов соборец. Единаесет месеци Овчарот ми беше командант. Единаесет месеци во борби и маршеви под раководството на Овчарот: Од Пелистер, Галичица и Илинска Планина до Караорман и славно Дебарца, преку Кајмакчалан и Кожуф, Караџово, Пајак и Крупа Планина во Егејска Македонија, преку Беласица, Огражден, Малешевски планини, Плачковица и Осогово до Козјак и Црна Трава на југ на Србија. Низ борбите за одбрана на слободните територии Дебарца, Караџово, Козјак и Црна Трава во Србија. Да споменам уште некои од бројните борби, како што се оние кај Мраморец и Турије во Дебарца, Фуштани, Лангардија и Ливадија во Караџова во Егејска Македонија. Па оние кај Брегалница при преминот на мостот кај Истибања, при разбивањето на Вардарскиот четнички корпус кај Сеаце и Пчиња, кај Ристовец и Буштрање, при нападот на Злетовските рудници и ослободувањето на Кратово трет град во Македонија покрај Кичево и Дебар, што ги ослободуваше Народноослободителната војска на Македонија. Следеа борбите што баталјонот

./.

Стив Наумов под команда на Овчарот, во состав на Третата Македонска ударна бригада ги водеше во целата пролетна офанзива низ цела Источна Македонија до Вардар во Егејска Македонија, пак назад до Козјак на Кумановски и Врањски терен, водејќи скоро секој ден борби до онаа кај Петрова Гора, во која му е зададен последен удар на толку приготвуваната пролетна офанзива од страна на Бугарскиот фашистички Генерал штаб на чело со генерал Бојдев.

Баталјонот наш носеше две имиња: името на еден револуционер и херој (Стив Наумов) и името на една легенда - Овчарот, толку познати и во Дебарце и во Преспа, и во Карацово и во Козјак и Црна Трава, кај нашиот народ кај кого се разгоруваше огнот на НОБ, но и кај непријателот кај кого споменувањето за неговото присуство во близина внесуваше немир и страв. И сега ме одушевува колку бевме горди, колку добивме сили и поттик кога не споменуваа како Стивнаумовци или Овчаровци. Кога ќе се чуеше борбена песна во ослободените села или ехото на песната Низ планините стрмни, се знаеше дека туке е присутен Баталјонот Стив Наумов, т.е. Овчаровиот баталјон. Во нашиот баталјон многу се пееше. Овчарот беше и учесник во пеењето и чувствителен слушател на песната на своите распеани борци. Во таквите мигови ликот на Овчарот се преобразуваше од оној сериозен, командантски, во продуховен, благ лик кој знае и да се смее и да се радува. Какво големо време, какви дивни луѓе!

Но, да завршам. Ви заблагодарувам што со писмото ме потсетивте и поттикнавте на една моја обврска спрема мојот Командант, спрема борецот и раководителот, револуционерот Наум Василевски - Овчарот, што толку даде за борбата и револуцијата на својот народ, што стана и остана легендарен командант, спрема командантот на баталјонот во чии редови беше единаесет месеци, со чието име во она воено време се гордеевме и што и денес ни чини чест.

./.

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ ... Ресен

Со уверување дека ќе сторам напор да ги оживам некои од многуте настани врзани со Овчарот, и во вид на искажувања дадам прилог на Монографијата за Наум Василевски . Овчарот, другарски ве поздравувам.

Б е л г р а д                     Таип Таипи

25.2.1989

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
на Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

Pred mnogu godini vojnata završi
A vo mojte misli ušte i denes živi
I taka se redat brojni prizori
Eden zad drug kako včera kako denes
Neprekidno,intezivno,od čas vo čas
Nekogaš vo neprekoren red,vo sklad
Vo momenti kako pekol,kako golem haos
I stalno kako vo bezkrajna filmska traka
Vo nekoj bioskop,na filmskoto platno
I vo tije migovi mi se čini go slušam
Na drugarot xvonkijot, ubaviot glas
Što padna kako denes mi se čini slavno
I togaš čustvuvam intezivna mirizba
Na šumata,trevata,kamenot i zemjata
Na barutot i krvta proleterska proliena
I kako se topit vo toplata zemja isušena
Vo toj dalečen,golem i lut boj
Što se vodeše na planinskiot greben
I Kaj preslapot-Staninin Krst se vika toj.

12.maj 1989.
Beograd

Taip Taipi
borec na bataljonot
STIV NAUMOV

# БАТАЛЈОНОТ НАШ

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ на Социјалистичка Република Македонија Општински одбор Ресен

Од Маглен во Егеј, една далека зима
Од пазувите на со снег прекриена планина,
Тргна во марш во голема далечина
Баталјонот во партизанско време, што мина.

Командантот што народот Овчар го викаше
А Наум му беше неговото право име
Ги собра борците околу себе сите
И накусо им ги предочи задачите.

Многу ќе треба да се преминат планини
По лут мраз и вијулици на суровата зима
Низ до невид големи висини и стрмнини
Тежок ќе биде патот што треба да се помине.

Борби не чекаат тешки
Мораме да бидеме спремни
Дење и по ноќи темни
Памтејте ги овие забелешки.

И токму по еден ден од кога тргна,
Се најде пред една пречка ~~голема~~, сложена
Без мост, без било каква и да е опрема
Требаше да се премине реката голема.

Туку излезот беше тука некаде околу, близу,
Во еден стар дамно напуштен трошен сплав,
И рѓосаната сајла што ја премостуваше
Од едната до другата страна набујаната река.

Тогаш под ведрото небо полно со звезди
Што светлеа со свет-лост некоја бела,
Се премина брзу ледената река
И по тоа се направи една мала починка.

./.

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
Ресен

Пак се слушна честопати чуениот збор
П о к р е т, немаше време за поголем одмор.
И се помина близу местото Кукуш и град
Што влезе во историјата на народот ~~брат~~. СТАР.

А борците што тогаш поминаа таму
За човекот тука роден не многу дамно,
За името негово на далеку чуено, славно
Песна борбена запееја снажно.

Ех, да можеше, да имаше време тука да се застанеше.
За историјата малу да се зборуваше
Што народот во памтењето ја чуваше.
За слободата што толку време војуваше.

Ама времето не беше згодно за сонување
Ниту за некое долго зборување.
Она што тогашното време силно го бараше
Беше борбата што на секаде пламтеше.

И за тоа стално напред мораше да се оди
Борбата непоштедна од ден во ден да се води
Да се бори, бори и стално напред оди,
Земјата напатена дури да се ослободи.

И така се стигна до планината Бела
Што снегот ја имаше прекриено цела
Се одеше насумце без патишта и стази
Патот низ снегот се отвораше со гради.

Низ стрмнини големи тешко се лазеше,
Низ снег голем дури до градите.
Околу волците бесно ги остреа забите
Злостлутен страв ширеа на секаде.

./.

Тогаш се осети и виде правото лице
На далеку чуената зима над оваа планина
И од тука белким потекнува една легенда стара
За еден цар од времиња поминати, во дамнина.

Тој беше што создаде ~~Македонска~~ НА СВОЈОТ НАРОД прва држава.
Таму некаде и неговата војска славна
Ја газеше оваа Бела планина ~~старна~~. СТРАВНА.
Не се работи само за легенда туку и за вистина права.

И баталјонот без прекин натаму напред одеше
За него пречка да биде ништо не можеше,
Ни снежните наноси, ни лутиот мраз
Појака беше волјата на борецот наш.

Пак баталјонот се најде пред една река
Беше голема и многу тешка препрека,
Да се премине без друго тука мораше
Во штабот на баталјонот тивко се зборуваше.

А непријатеl-ската војска кај мостот се мува
Со заседи околу мостот помно го чува,
Баталјонот во славниот пат да го спречи
Без друго да го запре, да се повлече.

Ама како и секогаш и во оваа прилика
Што на старите борци им беше одлика,
Една ударна група брзо се формира
Преку мостот да направи преминка.

Групата тогаш веднаш тргна, се сдвои,
Ги собу чевлите, и тивко по чорапи
Со лазење до мостот се доближи
И ненадејно збунетите стражари ги зароби.

./.

На баталјонот му се даде команда строга
Преку слободниот мост брзо да се провага
И на другата страна на реката
Мостобран да направи и непријателот го сочека.

Така реката сите скоро ја преминаа.
Само една десетина, заштитница во заднина,
Непријателските сили големи туку што пристигнаа
Преминот преку мостот им го препречија.

Потоа непријателот уште повеќе, од сите страни
Доведе војска голема, единици неброени
Со минофрлачи, топови и митролези
Ја биеше другата страна. Земјата почна да гори.

Се разви лут бој од двете страни.
Снегот се топеше од железото врело
Пукаше каменот и ечеше кањонот,
Храбро се бореше таму баталјонот.

Во тој жесток не виден бој
Непријателот не го проби баталјонскиот строј,
Веќе повратот му пропадна сѐ што стори тој
Да го спречи баталјонот на патот свој.

Од таа жастока невидена борба
Ноќта кога падна, баталјонот излезе од бој
И патот кој целта што пред него беше
Го продолжи сигурно, кој можеше да го запре тој.

Напред другари кон местото што не чека
До него не дели само уште една планина и една река.
Така се рече од челото на колоната
Тоа беше тој ден парола на баталјонот.

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ Социјалистичка Република Македонија Општински одбор РЕСЕН

И на дваесетчетврти февруари, дента
Од составот на баталјоните стари
Се појавија неколку борци другари
Врската со баталјонот да се постави.

Ние сме Карпошовци, патролата рече,
А ние Стивнаумовци, планината почна да ечи
Настана грлење, снажно дрмусање,
Радоста да се искаже снагата не се жалеше.

А на дваесет и шести, утринта рано
пред школото старо, во големиот двор,
Борците во журба се редеа во строј
И гордо гледаа во командантот свој.

Девет чети спремни во баталјони три
Нестрпливо очекуваа она што ќе настани.
И поправо во тој миг командантот излезе на чело
И тргна кон трибината со чекори смело.

Петстотини борци ние сме во строј
И сите ко еден спремни да влеземе во бој.
За слобода на народот свој,
Громко рапортира тој.

Тогаш од трибината другарот рапортот што го прими
На командантот и на борците вака им отпоздрави:
Другари борци стари, на Карпуш и Стив другари
Еве за вас и вашата борба подари:

Знаме ова црвено и со петокрака
Гордо да се вие во вашата рака
И од име на Тито и нашиот Цека
Вие сте од денес Македонска трета.

Февруари 1989. год.                    Таип Таипи